АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
УПИ Бр. 02-92
11.05.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), Директорката на Агенцијата за пошти на ден 11.05.2023 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од страна на Институт за Демократија и Економски Анализи, заведено во Агенцијата за пошти под број УПИ 02-92 од 02.05.2023 година се **УВАЖУВА ВО ЦЕЛОСТ.**

**СЕ ОДОБРУВА** пристап до следните информации наведени во цитираното Барање:

- Список на даватели на поштенски услуги активни во 2022 година и 2023 година, по:
  - Парите што ги имаат добиено од компензацискиот фонд за 2022 година,
  - Нивните финансиски извештаи за 2022 година.
- Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година со Ревизорски извештај.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 01.05.2023 година Институтот за Демократија и Економски Анализи, преку застапникот Омер Ајдини, поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер до Агенцијата за пошти по пат на електронска пошта.

Согласно член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ако имателот на информација позитивно одговори на барањето, веднаш му овозможува на барателот запознавање со содржината на бараната информација и со тоа увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Агенцијата за пошти го разгледа Барањето од Институтот за Демократија и Економски Анализи, и како имател на бараните информации одлучи да го уважи Барањето во целост:

- Регистарот на лиценцирани даватели на поштенски услуги е јавно достапен на веб страницата на Агенцијата за пошти на следниот линк: http://ap.mk/mk/registar-licenci.
  Подетална анализа на активните даватели е достапна на следниот линк: https://ap.mk/mk/230428-analiza-na-pazar;
- Ниту еден давател на поштенски услуги нема поднесено барање до Агенцијата за пошти за остварување на правото на надоместок од компензацискиот фонд;
- Давателите на поштенските услуги немаат законска обврска да поднесуваат финансиски извештаи до Агенцијата и оттаму Агенцијата за пошти не е имател на бараната информација,
- Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година со Ревизорски извештај, согласно Законот за поштенските услуги, е поднесен до Собранието на Република Северна Македонија, и истиот ќе биде достапен на веб страницата на Агенцијата по усвојување од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Согласно погоре наведеното, Агенцијата за пошти одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на неговото доставување.

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**
Директорка
Билјана Аврамоска – Ѓореска